**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-131

17.03. **2021 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од 26.02.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од страна на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година согласно Заклучокот арх.бр.02-999/11 од 17.03.2021 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 12-ти февруари 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, односно емитуваше 5 часа 33 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 25.69% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 37 минути и 3 секунди), или за 55 минути и 52 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од 26.02.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 26-ти февруари 2021 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12-ти февруари 2021 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела.

Со надзорот е констатирано дека на 12-ти февруари 2021 година, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуваше 5 часа 33 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 25.69% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 37 минути и 3 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 12-ти февруари 2021 година што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:37:03) е 6 часа 29 минути и 7 секунди, при што констатирано е дека ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје емитуваше за 55 минути и 52 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од 26.02.2021 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 02.03.2021 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-133 од 02.03.2021 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од 26.02.2021 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од

26.02.2021 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 16.03.2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-999/11 од 17.03.2021 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-732/1 од 26.02.2021 година.

**Доставено до:**

- ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Управителите на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:


Примено / Pranuar: 26.02.2021

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numer | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 16 | 732 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 12 февруари 2021 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 февруари 2021 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија;

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12 февруари 2021

година, на државно ниво, констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела).

Со надзорот е констатирано дека на 12 февруари 2021 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуваше 5 часа 33 минути и 15 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **25.69%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 37 минути и 3 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 12 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:37:03), е 6 часа 29 минути и 7 секунди. Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје емитуваше за 55 минути и 52 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 12 февруари 2021 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*